Врз основа на член 15 став 3 од Законот за вработување на инвалидни лица („Службен весник на Република Македонија“ бр.44/00, 16/04, 62/05, 113/05, 29/07, 88/08, 161/08, 99/09, 136/11, 129/15, 147/15, 27/16 и 99/18), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 12 јуни 2020 година, донесе

# О Д Л У К А
## за користење на неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица

1. Неискористените средства од Посебниот фонд за подобрување на условите за вработување и работење на инвалидните лица, во вкупен износ од 100.000.000 денари, ќе се користат за финансирање на мерки за вработување на евидентирани невработени лица и тоа за активната мерка Субвенционирање на плати од Оперативниот план за активни програми и мерки за вработување и услуги на пазарот на трудот за 2020 година.

2. Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**Бр. 44- 4851 /1**
**12 јуни 2020 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА**
**СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**Оливер Спасовски**